# ДОГОВОР

## ЗА ОБРАЗОВНА, НАУЧНА И КУЛТУРНА СОРАБОТКА ПОМЕЃУ

## УНИВЕРЗИТЕТОТ “СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ” ВО СКОПЈЕ

## И УНИВЕРЗИТЕТОТ ВО САРАЕВО

Раководени од желбата за понатамошно развивање и продлабочување на соработката во областа на образовниeто, науката и културата, двата универзитета го склучуваат овој Договор за билатерална соработка.

### Член 1

Соработката помеѓу двата универзитета ќе се реализира во рамките на следниве области:

- општествени науки
- технички и инженерски науки
- биомедицински науки
- природно-математички науки
- уметности

### Член 2

За успешна релизација на Договорот , двата универзитета се согласни соработката да се реализира преку следниве форми на размена во согласност од расположливите финансиски средства и согласност помеѓу односните институции во соработката:

- изработка на заеднички научно-истражувачки и уметнички проекти;
- размена на визитинг професори за изведување настава и консултации;
- размена на студенти и постдипломци;
- организирање на заеднички научни конференции и работилници;

- размена на публикации, универзитетски изданија и книги и соработка и размена во комуникациските нетворк системи.

Член 3

Двата универзитета заеднички ке аплицираат до соодветните институции и организации на ЕУ ( ТЕМПУС ...) како и регионалните академска мрежи со цел за финансирање и обезбедување средства за изработка на заеднички проекти од заемен интерес во области каде има воспоставено соработка.

Член 4

Факултетите и научните институти можат да воспоставуваат и билатерална соработка. Координацијата на соработката ќе ја вршат универзитетите , а реализацијата ќе се остварува непосредно на факултетите, според сопствени работни програми договорени меѓу соодветните факултети на двата универзитета.

Член 5

При реализацијата на договорените форми и проекти за соработка, факултетите се обврзуваат да обезбедат финансиски средства врз основа на реципроцитет.

Член 6

Реализацијата на овој Договор ќе се остварува во рамките на следниве финансиски услови:

- патните трошоци ги обезбедува универзитетот што испраќа
- трошоците поврзани со престојот на кандидатите кои учествуваат во размената ги покрива универзитетот домакин.

Член 7

Секој член од овој Договор може да биде изменет и дополнет по претходна заемна согласност од договорните страни.

Член 8

Овој Договор стапува во сила со денот на потпишувањето од страна на ректорите на двата универзитета. Договорот се склучува за период од четири години, со можност за продолжување, по претходна заедничка согласност и искажан интерес од договорните страни.

Го потпишуваме овој Договор мотивирани од духот и принципите на акдемска размена и заемно разбирање и почитување.

УНИВЕРЗИТЕТ ВО САРАЕВО

Проф.д-р Борис Тихи
Ректор

0101-I-823/02

УНИВЕРЗИТЕТ"СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ"

Проф.д-р Александар Анчевски
Ректор